# VI тема:
# Античко наследство во Македонија

## VI 1.5. Археолошко наоѓалиште Лихнид (Lychnidus)

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Местоположба и историски развој на Лихнид



- Археолошкото наоѓалиште Лихнид денес е составен дел од градот Охрид, поточно со стариот дел од градот.
- Постоењето на античкиот град Лихнид се поврзува со митот за Фојникиецот Кадмо кој, откако бил прогонет од градот Теба во областа Тесалија (денешна Грција), го основал градот Лихнид на брегот на Охридското Езеро.
- Најстарото население во Лихнид биле Бригијците и Енхелејците.
- Филип Втори Македонски во 353 год. пр. н.е. ги протерал Илирите и го зазел Лихнид.
- Првите записи за Лихнид датираат од 209 год. пр. н.е. од Ливиј во кои се вели дека на ридот било подигнато утврдување.
- Во времето на македонските династи, градот имал ковачница за монети.

**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Поради големиот број на цркви и манастири, денешниот Охрид е познат како балкански и европски Ерусалим. Тој е познат и како „град на светлината“ (стгрч. λύχνος = фењер), што претставува буквален превод на неговото старо име, Лихнид. Охридскиот регион е вклучен во светското наследство на УНЕСКО.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Причини за замирање на животот во градот

- Од 148 год. пр. н.е., Лихнид прераснува во римска колонија поврзана со главната сообраќајница Вија Егнатија.
- Историските записи сведочат дека на 29 или 30 мај, 526 година н.е., се случил земјотрес во кој загинале неколку илјади луѓе во градот Лихнид.
- Со настапувањето на римскиот цар Јустинијан Први на власт повеќе не се споменува Лихнид во историските книги.
- Не се знае ниту дали царот наредил градот да се возобнови по еколошката катастрофа.



**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

За време на доцната антика, Лихнид станува епископско седиште. Не е позната годината кога е прогласен со тој статус. Се споменуваат неколку епископи: Сосим и Дионисиј (343 год.), Анатолиј (449 год.), Лаврентиј (V век), Теодорит (519 год.).



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND



# 3. Археолошки остатоци

Антички градби откриени во стариот дел на Охрид се:

- Театар по падините на ридот Плаошник
- Остатоци од древен храм спроти црквата Св. Климент Охридски

Постоеле и други градби од хеленистичко и римско време, за кои се знае од изворите, меѓутоа, тие сè уште не се откриени: агора, гимнасион, булеутерион, цивилна базилика, храмови. Поради наслојувањето на современиот Охрид, овие градби се наоѓаат под земјата.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Училишна задача: Истражувај за Лихнид!



1. Во Мајкрософт Пауерпоинт направи кратко истражување за Лихнид.
2. Вметни фотографии во слајдовите.
3. Презентирај го за време на час и прикачи го во твојата папка на Мајкрософт Тимс.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND